ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 8 февруари 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Средба на директорите на ФЗОМ, д-р Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани со Здружение на родители на деца со ендокринолошки заболувања „Раст“



Директорите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, д-р Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани одржаа работна средба со Александар Петровски, претседател на на Здружението на родители на деца со ендокринолошки заболувања РАСТ.

На состанокот стана збор за можноста за унапредување на здравствената состојба на оваа група пациенти, соработката со другите релевантни институции, состојбата и статусот на набавување на хормонот за раст како и неговата дистрибуција.

Претседателот на Здружението „Раст“, информираше кои се најновите активности кои здружението ги презема и кои настани здружението планира да ги реализира во иднина и се заблагодари на несебичната подршка на Фондот, која резултираше со обезбедување средства за соодветната терапија на овие деца, преку наменскиот, односно условниот буџет, за таргетирано лекување на овие деца на Детската клиника. Фондот шеста година по ред се осигурува децата да ја добијат навремената терапија за здрав и нормален развој.

Претседателот на Здружението Раст, Александар Петров, кажа дека од формирањето на Здружението Раст во 2007 година, добиваат максимална и беспрекорна поддршка од Фондот за здравствено осигурување на Македонија и тоа им е една од најголемите мотивации во нивните напори, бидејќи сите деца имаат право да растат здраво.

Раната детекција е исклучително важна, бидејќи растот не е само сантиметри, растот е показател на целокупното здравје. Токму затоа е важно сите релевантни чинители и од здравствениот, но и образовниот и од сите други сегменти во општеството да бидат свесни за потребата од раното препознавање на нарушувањето на растот.